20231693000

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 128 став 1 алинеја 3 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21 и 89/22), министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НОСЕЊЕТО, ВРЕМЕТО НА ТРАЕЊЕ И РАСПРЕДЕЛБАТА НА УНИФОРМАТА И ОЗНАКИТЕ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за носењето, времето на траење и распределбата на униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 270/19, 69/21, 15/23 и 65/23), во член 6 став 3 по зборовите „Амблемот „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE““ се додаваат зборовите „амблемот „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „TRAFFIC POLICE“,“.

Во ставот 4 по зборовите „амблемот ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA“ „POLICE“ се додаваат зборовите „амблемот СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT“ „TRAFFIC POLICE“,“.

Во ставот 7 по зборовите „Амблемите ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“,“ се додаваат зборовите „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „TRAFFIC POLICE““.

Во ставот 8 по зборовите „амблемите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA“ „POLICE““ се става запирка и се додаваат зборовите „„„СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT“ „TRAFFIC POLICE““.

Член 2

Членот 44 се менува и гласи:

„Времето на траење, ваучер бодовите, годишниот лимит на нарачка и враќањето согласно ваучер системот на ознаките на основната униформа изнесува:

| ОЗНАКИ НА ОСНОВНАТА УНИФОРМА | Време на траење | Ваучер бодови | Годишен лимит на нарачка | Враќање |
|---|---|---|---|---|
| 1. натпис „ПОЛИЦИЈА"„POLICE" | / | 1 | 3 | не |
| 2. натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА" „TRAFFIC POLICE" | / | 1 | 3 | не |
| 3. амблем „ПОЛИЦИЈА"„POLICE" | / | 1,5 | 3 | не |
| 4. амблем „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА" „TRAFFIC POLICE" | / | 1 | 3 | не |
| 5. амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА" „BORDER POLICE" | / | 1 | 3 | не |
| 6. натпис „ПОЛИЦИЈА" „POLICIA" „POLICE" | / | 1 | 3 | не |
| 7. натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА" „POLICIA E TRAFIKUT" „TRAFFIC POLICE" | / | 1 | 3 | не |
| 8. амблем „ПОЛИЦИЈА" „POLICIA" „POLICE" | / | 1,5 | 3 | не |
| 9. амблем „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА" „POLICIA E TRAFIKUT " „TRAFFIC POLICE" | / | 1 | 3 | не |
| 10. амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА" „POLICIA KUFITARE" „BORDER POLICE" | / | 1 | 3 | не |
| 11. амблем во форма на штит со намалени димензии | / | 1,5 | 3 | не |
| 12. метална ознака за шапка | / | 2,5 | 1 | не |

"

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 13.1.1-85238/1
3 август 2023 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски**, с.р.